адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје, Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bidurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499

Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ТЕХ БР: 0801-177/24

ИНВЕСТИТОР: ОПШТИНА НОВО СЕЛО

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

СКОПЈЕ, Јули 2024г

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4057015528431, 2.5.4.97=NTRMK-7023499, o=DTU BILD URBAN DOOEL Skopje, serialNumber=160518, title=Upravitel, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2024.07.10 15:23:54 +02'00'

Место: КО Смолари Вон град, Општина Ново Село

Инвеститори: Општина Ново Село

Предмет: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село

Изработка **„**БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ СКОПЈЕ
Булевар „Илинден“ 107/13 Карпош, Скопје
тел/факс 02 3083575

Работен тим: Бојан Муличковски, д.и.а., овластување бр.0.0070
Драгана Матова Смилевски, д.и.а., овластување бр.0.0467
Меланија Калајџиска, д.и.а., овластување бр.0.0617

Управител: Бојан Муличковски

Фаза: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план

Технички Број: 0801-177/24

Изработено: Јули 2024г

Содржина:

- Општ дел
- Потврда за регистрирана дејност
- Лиценца за изработување на урбанистички планови
- Решение за назначување на планери
- Овластувања за изработување на урбанистички планови на назначените планери

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 12
1.Текстуален дел 12
Вовед..... 13
1.1 Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје..... 14
1.2 Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина 14
1.3 Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување 15
1.4 Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектен опфат 17
1.5 Инвентаризација на: земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат 17
1.6 Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго..... 17
1.7 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти..... 17
1.8 Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во проектниот опфат 21
2.Графички дел 21
1.Услови за планирање на просторот
2.Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на проектен опфат
3. Карта на изграден градежен фонт, однсоно вкупна физичка супраструктура во проектниот опфат
4. Карта на изградената комунална инфраструктура
II. ПЛАНСКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА 22
1.Текстуален дел 22
1.1 Проектна програма..... 23
1.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат..... 24
1.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела, во која е утврден простор определен со градежни линии во кој може да се поставуваат повеќе градби**Error! Bookmark not defined.**
1.4 Детални услови за проектирање и градење 29
1.5 Мерки за заштита 34
1.6 Прилози кон текстуален дел..... 48
2.Графички дел 49

1. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Намена на земјиштето и градбите)
2. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Површина за градење)
3. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Сообраќај и нивелманско решение)
4. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Приклучни точки за сите водови и градби на хидротехничката инфраструктура)
5. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Партерно уредување)
6. Урбанистичко решение за проектниот опфат (Синтезно решение)

Број: 0805-50/150120240012943

Датум и време: 13.5.2024 г. 13:43

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	7023499
Целосен назив:	Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Кратко име:	БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Седиште:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	10.3.2015 г.
Времетраење:	Неограничено
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4057015528431
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00
Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупно основна главнина MKD:	307.500,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	307.500,00
Непаричен влог MKD:	0,00

Уплатен дел MKD:	307.500,00
Вкупен влог MKD:	307.500,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	

ОВЛАСТУВАЊА

Овластени лица

Име и презиме:	БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ
Адреса:	БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.87-18 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР
Овластувања:	ССС - Управител
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	bildurban@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање,
Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

БУЛЕВАР ИЛИНДЕН бр.107/17 СКОПЈЕ - КАРПОШ, КАРПОШ

ЕМБС: 7023499

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0090
30.07.2022 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

адреса: ул. Бул. Илинден бр. 107/13
Скопје, Р.Македонија
тел./факс: 02 3083575
e-mail: bildurban@gmail.com
жиро сметка: 210-0702349901-85
НЛБ Тутунска Банка АД Скопје
даночен број: МК4057015528431
матичен број: 7023499



Друштво за трговија и услуги
„БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во врска со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село,** БИЛД УРБАН д.о.о.е.л од Скопје го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село**, со технички број 0801-177/24, како планери се назначуваат:

Планер потписник:

- Бојан Муличковски, дипл.инж.арх., овластување бр.0.0070

Планер:

- Драгана Матова Смилевски, дипл.инж.арх., овластување бр.0.0467
- Меланија Калајџиска, дипл.инж.арх., овластување бр.0.0617

Планерите се должни урбанистичкиот проект да го изработат согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на на урбанизмот и проектирањето.

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0070**

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0467**

Издадено на: 17.11.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

МЕЛАНИЈА КАЛАЈЏИСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII/1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: 0.0617

Издадено на: 17.12.2023 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

М-р Кристинка Чулак
дипл. инж. арх.

ОПШТИНА НОВО СЕЛО
Бр. 02 - 1112/1
11. 04 2024 год.
Нова Село

П О Л Н О М О Ш Н О

Општина **Ново Село**, застапувана од градоначалникот **Ѓорге Божинов,** со седиште на улица "Маршал Тито", бб., Ново Село, со **ЕДБ 4027005145899**, го **ополномоштува** правниот субјект **БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ**, со **ЕМБС 7023499** и седиште на булевар "Илинден" бр. 107/17, Скопје - Карпош, претставуван од Управителот **Бојан Муличковски**, да ја води постапката за изработка и електронско аплицирање до сите надлежни државни и локални институции, како и други правни субјекти, во постапката за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Виќенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2505/1, ГП1, ГП2, ГП3, ГП4, ГП5, ГП6, ГП7, ГП8, ГП9, ГП10, ГП11, ГП12, ГП13, ГП14, ГП15, ГП16, ГП17, ГП18, ГП19, ГП20, ГП21, ГП22, ГП23, ГП24, ГП25, ГП26, ГП27, ГП28, ГП29 и намена Е1.8 – Трансформаторска станица со пристапен пат, на дел од КП 2501/1, ГП30, ГП31 и ГП32, КО Смолари, Општина Ново Село,**како и да ги презема сите потребни дејствија во текот на постапката за одобрување на предметната урбанистичко планска документација, сè до правосилно завршување.

Полномошното го дава
Општина Ново Село
Градоначалник
Ѓорге Божинов

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1.Текстуален дел

Вовед

Постапката за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село е започната по барање на Инвеститорот: Општина Ново Село, сопственик на земјиште во рамките на проектниот опфат, а видно од имотен лист со бр.: 283, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

Потребата од оформување на градежни парцели е оформување на планерска целина за А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување во насока на создавање и унапредување одржлив просторен развој, сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина.

Урбанистичкиот проект е изработен согласно член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Закон за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РепубликаСеверна Македонија“ број 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), како и со другата релевантна законска и подзаконска регулатива.

1.1 Површина и опис на границите на проектен опфат со географско и геодетско одредување на неговото подрачје

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село опфаќа дел од катастарса парцела КП 2501/1, КО Смолари вон град и зафаќа површина од 552 m² или 0,06 ha.

Предметниот проектен опфат зафаќа дел од катастарска парцела КП 2505/1, КО Смолари вон град.

Предмет на изработка ќе биде оформување на нова градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајниот пристап, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, изработен е врз база на Услови за планирање издадени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y63423 од март 2024г. и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15 537/2024 од 14.03.2024г.

Пристап до проектниот опфат е преку новопланирана улица.

Границата на проектниот опфат може да се опише и преку координатите на лаците и прекршните точки со редни броеви од 1 до 4 , а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по X и Y координати:

N	X	Y
1	7659144.947	4583350.019
2	7659124.524	4583346.631
3	7659119.79	4583374.676
4	7659137.627	4583377.635

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 552 m² или 0,06 ha.

1.2 Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето во близина на проектниот опфат и неговата непосредна околина

Предметната локација за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село е опфатена со Просторниот План на Република Македонија, поголемиот дел од проектниот опфат влегува во подрачјето на Услови за планирање издадени од Агенција за планирање на просторот со технички број Y63423 од март 2024г. и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина со број УП1-15 537/2024 од 14.03.2024г.

1.3 Податоци за природните чинители кои можат да влијаат на развојот на подрачјето во рамки на проектниот опфат, на проектни решенија и на нивното спроведување

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географски, геолошки, геомеханички, сеизмички, климатолошки, хидрографски, хидролошки податоци, природни ресурси, заштитени екосистеми и друго.

1.3.1 Географски карактеристики

Општината Ново Село територијално припаѓаат во Југоисточниот плански регион. Покрај овие две општини, во рамките на Регионот влегуваат и општините: Босилово, Гевгелија, Струмица, Валандово, Василево, Дојран, Богданци, Радовиш и Конче.

Општина Ново Село се наоѓа на крајниот југоисточен дел на Република Македонија. Распространета на површина од 237,45км², на север територијата се издига до сртот на планината Огражден, во средниот дел е широката рамнина на реката Струмица, а во јужниот дел таа се издига до сртот на планината Беласица, граничејќи со општините Струмица, Берово и Босилово.

Смолари или Смоларе — село во Општина Ново Село, во областа Подгорје, во околината на градот Струмица.

Селото Смолари се наоѓа во северното подножје на планината Беласица во областа позната како Подгорие. Селото е оддалечено 28 километри од градот Струмица во југоисточна насока и 6 километри од центарот на општината, Ново Село, на надморска височина од 382 метри. Јужно од селото се наоѓа реката Ломница, на која е расположен познатиот Смоларски Водопад, до кој се пристигнува преку екопатека. Вкупната височина на вертикалниот отсек на Смоларскиот Водопад изнесува 39,5 метри.



Местоположба на Смолари во Македонија

1.3.2 Геолошки карактеристики

Од геолошки аспект, теренот низ кој поминува истражуваната траса, како и поширокиот регион генерално е изграден од алувијални седименти (al), делувиум (d), пролувиум (pr) и плиоценски седименти (Pl3). Алувијалните седименти се тесно поврзани со речните корита (речно корито на р. Струмичка) и претставени се претежно со чакали и песоци, кои водат потекло од карпите низ кои тече самата река. Чакалите и песоците меѓусебно се измешани и несортирани. Пролувијалните наслаги се изградени од слабо обработени парчиња на метаморфни и магматски карпи придружени со чакали, глини и песоци. На подножјето на Беласица се наоѓаат груби материјали, а оддалечувајќи се кон котлината стануваат поситни и неосетно преминуваат во обработлива земја. Карактеристична појава е присуството на огромни блокови од гранити, габрови, гнајсеви и др. кои се тркалале од височините на Беласица. Делувијален материјал е составен од необработени фрагменти на околните карпи кои се носени на кратко растојание од околните падини и помешани со глиновито-песоклива супстанца. Плиоценските седименти налегнуваат трансгресивно над постарите метаморфни, магматски и седиментни карпи. Претставени се со груб териген материјал: чакали, песоци, песокливи глини, глини, лапорци и варовници.

1.3.3 Сеизмички карактеристики

Сеизмолошките карактеристики на општините Струмица, Босилево и Ново Село се наоѓаат на границата на двете сеизмички најактивни зони на Балканот, на Вардарската и Српско-македонската (5-та зона). Поконкретно, Ново Село припаѓа на епицентралната зона со појава на локални земјотреси со макс. очекуван интензитет од 8 ° по Меркалиевата скала. Ридското подрачје, југозападно од Струмица, има сеизмичко поволни инженерско геолошки услови, долината е северно од сеизмичко чувствителното опкружување, додека рамниот дел на градот има сеизмичко неповолни инженерско геолошки услови на теренот.

1.3.4 Климатолошки карактеристики

Просечната годишна температура на воздухот е 12,7°C со највисока просечна месечна температура во јули 23,6°C, а најниска во јануари на 0,9°C. Има околу 230 сочневи денови. Сонцето трае просечно 2,377 часа годишно. Маглата се појавува максимум 20 дена, во ноември, декември и јануари.

Поради суб-медитеранските влијанија од Егејското Море и влијанието на континенталната клима, климатските услови во овој регион се карактеризираат со намалени годишни дождови, зголемена аридност и променлив режим на плувиометар со намалена зимска температура.

1.3.5 Хидрографски

Хидрографската мрежа во Струмичкиот регион е доста богата и испреплетена со повеќе извори, реки и нивни притоки. Главен реципиент во Струмичката котлина е реката Струмица, со регулирано речно корито од 31 km. Лева притока на реката Струмица е реката Турија со должина на речно корито од 22 km – од браната Турија до вливот со р. Струмица, со 8 km регулирано корито. Десна притока на реката Струмица е Моноспитовскиот канал со 14,1km речно корито. Во него од левата

страна се влива реката Водочница со 15 km регулирано речно корито. Десна притока на Моноспитовскиот канал со 6 km регулирано речно корито е реката Тркања.

1.3.6 Хидролошки податоци

Во Струмичкиот регион просечно годишно паѓаат 547,2мм воден талог со максимум на есен и пролет (април-мај), додека долготрајните суши (над еден месец) се ретка појава (2%). Измерени се 160 денови со мраз и 18 снежни денови.

1.4 Податоци за создадените вредности и чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектен опфат

1.4.1 Демографски чинители

Во рамките на проектниот опфат нема намена домување.

1.4.2 Економски чинители

Планираната намена би придонела во економскиот развој на општината.

1.5 Инвентаризација на: земјиштето во проектниот опфат, изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инсталации во рамки на проектниот опфат

Врз основа на извршена посета на терен, како и анализа на ажурираната геодетска подлога, направена е инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, земјиштето, вкупната физичка супраструктура и зеленилото. Анализата на постојната состојба покажува дека на теренот опфатен со проектенот опфат нема изграден градежен фонд.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА			
реден број	намена на површини	површина на парцели	процент
		m2	%
7	Неизградено земјиште	552 м2	100.00%
Вкупно		**552 м2**	**100.00%**

1.6 Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

На подрачјето на катастарската општина Смолари, кое е предмет на анализа има евидентирани недвижни споменици на културата (Г.кспертен елаборат):

1. Археолошки локалитет “Другобра т", Смолари, среден век;
2. Археолошки локалитет “Русилска Чешма”, Смолари, доцноримски период;
3. Црква Св.Тројца, Смолари, 1870 год.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани е локалитетот Русилска Чешма, населба од доцноантичкото време.

Според Просторниот план на Република Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Културното недвижно наследство во просторнните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно

вклопување во просторното и органнзационо ткиво на градовнте и населените места или пошироките подрачја и потенцнрање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

1.7 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура: сообраќајните, електричните, канализациските, водоводните, поштенските, гасоводните, топловодните, телефонските и другите водови и објекти

1.7.1 Сообраќај

Пристап до проектниот опфат е преку новопланирана сообраќајна инфраструктура

1.7.2 Комунална инфраструктура

- Согласно добиеното писмо од НОМАГАС (15-4057/2 од 28.09.2023г) на наведениот проектен опфат нема изградено гасоводна мрежа.
- Согласно добиеното писмо од ЕВН со бр 10-22/5-453 од 12.10.2023г. во близина на предметниот проектен опфат има постојна ЕЕ објекти во сопственост на ЕВН кои не навлегуваат во опфатот .
- Согласно добиеното писмо од Македонски Телеком АД Скопје со бр 55833 од 06.10.2023г во близина на предметниот проектен опфат има постојни ТК инсталации, кои не навлегуваат во опфатот.
- Согласно добиеното писмо од МЕПСО со бр 11-5788/1 од 29.09.2023г предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.
- Дирекција за заштита и спасување со допис број Бр.09-258/2 од 02.10.2023г има доставено претходни услови кои треба да се вградат во планската документација.
- Согласно добиеното писмо од АЕК со бр.1404-1733/2 од 10.10.2023г на посочената локација нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи
- Согласно добиеното писмо од Јавно претпријатие за државни патишта со бр.10-9491/2 од 04.10.2023г во близина на предметниот проектен опфат поминува државен пат Р1402 (Р-605) кој е во надлежност на ЈПДП.
- Согласно добиеното писмо од Министерство за култура – Управа за заштита на културното наследство со бр. 17-2921/2 од 03.11.2023г констатира дека во граници на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
- Согласно добиеното писмо од Министерство за внатрешни работи – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации со бр.11.2.104546/2 од 03.10.2023г не располагаат со податоци за постоење на нивна телекомуникациска инфраструктура. Доколу во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидат известени.
- Согласно добиеното писмо од Министерство за одбрана со бр.19/2-2015/1 од 31.10.2023г не располагаат со техничка документација за кабелски инсталации.

- Согласно добиеното писмо од Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за Води со бр. 11-5559/4 од 06.11.2023г. утврдено е дека планскиот опфат зафаќа еден непостојан воден тек. Локацијата на предметниот опфат не е во рамки на предвидените акумулации согласно Водостопанската основа од Просторниот план на Република Македонија 2002-2020.
- Согласно добиеното писмо од АД Водостопанство на РСМ со бр. 11-1697/3 од 24.10.2023г. во границите на планскиот опфат за исработка на УП нема свои објекти и инфраструктура.
- Согласно добиено писмо од ЈПКД "Комуналец" - Струмица со бр. 10-644/2 од 15.11.2023г, на наведената локација нема нивна постоечка и планирана инфраструктура.
- Согласно добиеното писмо од Агенција за цивилно воздухопловство со бр. 12-8/1310 од 28.09.2023г, може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, бидејќи предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на воздушен сообраќај.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Сектор за недвижности
Sektori për Patundshmëri
Бр.-Nr. 18/2 -2015/1
31-10-2023 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Бул.„Илинден“ бр.107/13
1000 Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Сектор за недвижности
Одделение за недвижности

бул. Св.Климент Охридски, бр 15
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282571
Сајт: www.mod.gov.mk

Предмет: Податоци и информации, доставува,-
Врска: Ваше барање број 0801-604/23 од 09.2023 година,-

Почитувани,

Во врска со горе наведеното Ваше барање кое се однесува на изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3-Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП2501 КО Смоларе вон град, Општина Ново Село, Ве известуваме дека не располагаме со техничка документација за кабелски инсталации.

Со почит,

Изработил: Александар Марковски

СЕКТОР ЗА НЕДВИЖНОСТИ
Раководител
Оливера Проковиќ

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ

Примено	06.11.2023		
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
0302	750	2023	

АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-1697/3
24.10 2023 год./viti
Skopje/Shkup

ДО: „Билд Урбан" ДООЕЛ Скопје
Ул:"Илинден " бр. 107/13, Скопје

Предмет: Известување
Врска: Ваш бр. 0801-492/23 од 18. 07. 2023 и наш бр. 1697 од 25.07.2023

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,
Во врска со вашето барање со Ваш бр. 0801-492/23 од 18. 07. 2023 и наш бр. 1697 од 25.07.2023 за издавање на податоци и информации за постоечки и планирани објекти кои се во надлежност на АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, а имаат влијание во постапката за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1, КО Смоларе вон град,општина Ново Село,

Ве известуваме:
АД Водостопанство на РСМ во државна сопственост – Скопје, во границите на планскиот опфат за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1, КО Смоларе вон град,општина Ново Село, **нема свои објекти и инфраструктура**.

Со Почит;

Изработил: Мирјана Чемкова
Контролирал/ Одобрил:
Коста Малзарков

АД „Водостопанство на РСМ" – Скопје
SHA „Ekonomia e Ujërave të RMV" - Shkup
Главен извршен директор
Drejtor Gjeneral Ekzekutiv
Llokman Limani

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост * Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore * Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Skopje Shkup

Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

- Оддел за информатика и телекомуникации-
Сектор за телекомуникации

Рег. бр. 11.2.104546/2
Скопје, 03.10.2023
05 ОСТ 2023

До:
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје
бул. Илинден бр. 107 / 13
1000 Скопје

Предмет: Одговор по барање податоци за постоечки инсталации, доставува.-
Врска: Ваш акт бр. 0801-604/23 од 09. 2023 год.

Во врска со Вашето барање, Ве известуваме дека за посочената локација (**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП2501/1, КО Смоларе вон град, општина Ново Село**) не располагаме со податоци за постоење на наша телекомуникациска инфраструктура. Доколку во текот на изведбените работи се појават телекомуникациски инсталации, задолжително да бидеме известени.

Со почит,
Лице за контакт: Ефтим Панов, тел: 072/228-556 лок, 37-00

НАЧАЛНИК НА СЕКТОР
Јане Стојанов

Република Северна Македонија * Министерство за внатрешни работи * Скопје * Shkup

Друштво за трговија и услуги
БИЛД УРБАН ДООЕЛ СКОПЈЕ
Примено 10.10.2023
Прилог | Вредност
0302/682/2023

Подготвил: Ефтим Панов
Согласен: Дејан Костадинов

Изработено во: 1 (еден) примерок
и 1 (една) копија и доставено до:
- Примател - примерок 1
- Архива на сектор – копија

Министерство за внатрешни работи на
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје
+389 2 3 117 222

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17-2921/2
03-11-2023 год
Скопје

До
БИЛД ДООЕЛ
Бул. Илинден 107/13
1000 Скопје
Република Македонија

Предмет: Податоци и информации
Врска: Ваше барање 0801-604/23 од 09.2023

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3 на КП 2501/1, КО Смоларе вгр., општина Ново Село, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15,192/15 и 39/16).

Со почит,

Друштво за производство услуги и промет Друштво за трговија и услуги Експорт Импорт · Скопје
ДООЕЛ Скопје
Примено: 21.11.2023
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
0302/21-

В.Д. Директор,
М-р. Зоран Павлов

Изработил: Ф. Доневски
Одобрил: м-р Б. Јовановска

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-22/5-435 од 12.10.2023
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски

Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град, Општина Ново Село,** Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☒ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија


При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Датум: 29.09.2023



Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 55833
Дата: 06.10.2023

До
Друштво за трговија и услуги
Билд Урбан ДООЕЛ Скопје
Ул. Булевар Илинден бр. 107/13, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град, Општина Ново Село, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности
на оптика и мрежи од следна генерација

Дејан Влаховиќ

ЈПКД “КОМУНАЛЕЦ“ СТРУМИЦА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

Ул. “Климент Охридски“ бр. 35 б - Струмица

Жиро сметка: 200000003051321
Банка депонент: Стопанска банка

ТЕЛЕФОН:
Централа (034) 346 341

e-mail: jpkd.komunalec@hotmail.com

До:
БИЛД УРБАН дооел
Бул. Илинден бр. 107/13, Скопје

Датум: 15.11.2023

Наш знак: 10-6644/2
Ваш знак:

Предмет: Информации за подземни водоводни и канализациони инсталации

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање бр. 0801-604/23 од 09.2023 за податоци за потребите за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град**, Општина Ново Село, Ве известуваме дека на наведената локација немаме наша постоечка и планирана инфраструктура.

Поздрав

Изготвил / Одобрил
Андреј Тошев

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3117 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС 7034490

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 15-4057/2
28.09 20 23 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 0801-604/23 од 28.09.2023 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 0801-604/23 од 28.09.2023 година, за изготвување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град, Општина Ново Село.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат нема изградено гасоводна мрежа.

Со почит,

Постапка:
55833

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Наш број: 1404-1733/2
Скопје: 10.10.2023 г.

ДО:
Билд Урбан ДООЕЛ Скопје
бул.„Илинден“ бр. 107/13
1000 Скопје

Предмет: Одговор за барање за податоци за ТК инсталации
Врска: Ваш број : 0801-604/23 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за доставување на податоци за изградени електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град, Општина Ново Село,** према доставената ситуација, ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска
Раководител на сектор:Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk
ул.Јој Димитар Влахов 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

До: **БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

бр. 12-8/1310

Скопје, 28.09.2023 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0801-604/23 од 28.09.2023 година
e-urbanizam, постапка бр. 55833

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1 , КО Смоларе вон град, Општина Ново Село

при што утврдија дека во предметниот опфат нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а градбите во планскиот опфат не претставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот бр.02-27/2 од 10.01.2023 година)

02 Октомври 2023

Архивски број: 09-258/2

ДО
ДТУ „БИЛД УРБАН“ ДООЕЛ Скопје

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.0801-604/23 од .09.2023 година,-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Струмица информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за **изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1, КО Смоларе вон град, Општина Ново Село.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при **изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување и пристап на дел од КП 2501/1, КО Смоларе вон град, Општина Ново Село.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде“ бб
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел. 034 328 885
076 475 429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Постапката за сратегиска оцена на влијанието врз животната средина се спроведува во неколку фази, од кои првата е *Утврдување на потреба од спроведување на СОВЖС* (дали планскиот документ ќе има значителни влијанија врз животната средина) согласно со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Оваа фаза претставува изготвување на Одлуката за спроведување или неспроведување на СОВЖС. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на документацијата на предметниот простор, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативние влијанија се следните:

– Просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација,

инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.

- Просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село ќе има и негативни влијанија врз животната средина, посебно во фазата на градба на планираните објекти. Влијанијата што ќе се јават во фаза на градба (емисии на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата (директни и индиректни), емисии на бучава, отпад и влијанија врз флората и фауната), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.
- Влијанијата кои би можеле да се појават во фазата на експлоатација се нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот. Мерки за заштита од овие влијанија се наведени во секторските области: водостопанство и водостопанска инфраструктура, заштита на животната средина.
- Неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.
- Предметниот простор нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови, радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.
- На просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство. Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно со законската регулатива.
- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на планска документација потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- Со имплементацијата на документацијата на предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на градба, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на планскиот опфат од границите на Државата.

– Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- Државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- Енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- Градежните објекти важни за Државата;
- Капацитетите на туристичката понуда;
- Стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- Капацитетите за користење на природните ресурси.
- Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:
- Намената и користењето на површините;
- Мрежата на инфраструктура;
- Мрежата на населби;
- Заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

Површината за која се издаваат Условите за планскиот опфат изнесува 1,6 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на предметната документација треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Реализација на документацијата со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, ќе биде во функција на поттикнување на развојот на туристичките активности и согласно определбите од Просторниот план на Република Македонија треба да базира на законитостите на пазарната економија и примена на релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната средина.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот План на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- **При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- **При обезбедувањето на потребните количини на вода за викенд куќите, потребна е синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода, рационално користење на водата преку нејзино планско, повеќекратно користење и примена на модерни технички решенија во управувањето со водоснабдителниот систем;**
- **Околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување да се оформат заштитни зони и да се дефинира режим на заштита во зоните (доколку се користи независен изворник, односно објектите да се приклучат на водоснабдителната мрежа на селото Смолари).**
- **Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари), експлоатацијата да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира капацитетот и квалитетот на подземните води;**
- **Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување. Квалитетот на пречистените отпадни води да биде доведен во согласност со критериумите дефинирани во "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води";**
- **Во близина на планскиот опфат поминува река Ломница за која при изработката на документацијата потребно е да се обезбеди заштитен појас со цел да се избегнат негативни влијанија при појава на големи води.**

Енергетика и енергетска инфраструктура

- **Локацијата со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.**
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Иницијативата за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, ќе даде придонес кон трансформација на традиционалниот тип на домување преку проширување**

на неговата основна функција, внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот односно градење на станови кои се користат повремено во текот на годината.

Јавни функции

– На предложениот простор за изградба на викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, нема препораки и обврски за организација на јавни функции (образование, здравство, социјала и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Сообраќајна инфраструктура

Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

– **А4 (М-6)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село);

Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

– **Р1402** - (Куклиш-врска со 1401-Банско-Ново Коњарево-врска со А4);
– **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитува релевантната законска регулатива од областа на Сообраќајот, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– **Локацијата со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
– Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

– **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
– Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.

- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена.
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.
- Уредување на просторот со заштитно и украсно зеленило. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи.
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти.

Заштита на природно наследство

- Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на предметниот простор со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
- **Доколку при изработка на документацијата на предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.**

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2] на подрачјето на катастарската општина Смолари има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- **При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство**

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.

- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Струмичко-радовишки туристички регион во кој се утврдени 4 туристички зони со 12 туристички локалитети.
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, се наоѓа во простори погодни за слободни територии и се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор со намена викенд куќи и други објекти за времено сместување, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

Центар на макрорегион

Центар на микрорегион

Центри на просторно-функционални единици

Управа

Просторно-функц. единици

Граници на влијанија на макрорегион. центри

Општински центар

Образование

Средно Вишо Високо

Здравствена заштита

2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој

источна

север-југ

западна

јужна

северна

Слободна економ.зона

Автопат

Магистрален пат


Регионален пат

Железничка мрежа

Воздухоплов. пристан.

Стопански аеродром

Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23


Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини





КООРДИНАТИ НА РЕФЕРЕНТНИ ГЕОДЕТСКИ ПРЕКРШНИ ТОЧКИ И ЛАЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

N	X	Y
1	7659144.947	4583350.019
2	7659124.524	4583346.631
3	7659119.79	4583374.676
4	7659137.627	4583377.635

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА


ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,06ха

Легенда:

- граница на катастарска парцела
- 240.04 - апсолутни надморски висини
- 3684 - број на катастарска парцела



Трговско друштво за геодетски работи
ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Вид на Елаборат	Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план		
Катастарска Општина	КО Смолари вон град	Мерка	РАЗМЕР 1:1000
ИЗРАБОТИЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски		УПРАВИТЕЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски	

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0090

ЛИЦЕНЦАТА Е ИЗДАДЕНА НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД: 30.07.2022 год.

У ФАЗА

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

2 ЛИСТ БР.

ТЕХ. БР. 0801-177/24 М 1:500

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0070
ПЛАНЕР:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

НАРАЧАТЕЛИ:
ОПШТИНА НОВО СЕЛО


ЛОКАЦИЈА:
КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДАТУМ: 07.2024

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА			
реден број	намена на површини	површина на парцели	процент
		m2	%
7	Неизградено земјиште	552 м2	100.00%
Вкупно		**552 м2**	**100.00%**

КООРДИНАТИ НА РЕФЕРЕНТНИ ГЕОДЕТСКИ ПРЕКРШНИ ТОЧКИ И ЛАЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

N	X	Y
1	7659144.947	4583350.019
2	7659124.524	4583346.631
3	7659119.79	4583374.676
4	7659137.627	4583377.635



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛЕГЕНДА


ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,06ха

НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ

Легенда:

- граница на катастарска парцела
- 240.04 - апсолутни надморски висини
- 3684 - број на катастарска парцела



Трговско друштво за геодетски работи
ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Вид на Елаборат	Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план		
Катастарска Општина	КО Смолари вон град	Мерка	РАЗМЕР 1:1000
ИЗРАБОТИЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски		УПРАВИТЕЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски	

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0090

ЛИЦЕНЦАТА Е ИЗДАДЕНА НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД: 30.07.2022 год.

У ФАЗА

КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНТ, ОДНОСНО ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

3 ЛИСТ БР.

ТЕХ. БР. 0801-177/24 М 1:500

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0070
ПЛАНЕР:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ


НАРАЧАТЕЛИ:
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ЛОКАЦИЈА:
КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДАТУМ: 07.2024

КООРДИНАТИ НА РЕФЕРЕНТНИ ГЕОДЕТСКИ ПРЕКРШНИ ТОЧКИ И ЛАЦИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

N	X	Y
1	7659144.947	4583350.019
2	7659124.524	4583346.631
3	7659119.79	4583374.676
4	7659137.627	4583377.635



УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П = 0,06ха

Легенда:

- граница на катастарска парцела
- апсолутни надморски висини
- број на катастарска парцела

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ПОСТОЈНИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ (ТЕЛЕКОМ)

ПОСТОЈНА ПОДЗЕМЕНА 0,4KV МРЕЖА (ЕВН)

ДРУШТВО ЗА ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

ЛИЦЕНЦА ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ БРОЈ 0090

ЛИЦЕНЦАТА Е ИЗДАДЕНА НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ ОД: 30.07.2022 год.

У ФАЗА

КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

ЦРТЕЖ

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД КП 2501/1, ГП 7, КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

4 ЛИСТ БР.

ТЕХ. БР. 0801-177/24 М 1:500

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК:
БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0070
ПЛАНЕР:
ДРАГАНА МАТОВА СМИЛЕВСКИ, дипл. инж. арх., овл. бр. 0.0467

УПРАВИТЕЛ: БОЈАН МУЛИЧКОВСКИ

НАРАЧАТЕЛИ:
ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ЛОКАЦИЈА:
КО СМОЛАРИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО

ДАТУМ: 07.2024

N W E S

Трговско друштво за геодетски работи
ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Вид на Елаборат	Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план		
Катастарска Општина	КО Смолари вон град	Мерка	РАЗМЕР 1:1000
ИЗРАБОТИЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски		УПРАВИТЕЛ: Дипл.геод.инж Љупчо Атанасовски	

ПЛАНСКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.Текстуален дел

1.1 Проектна програма

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село

Предмет:	Проектна програма
Проект:	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
Намена:	А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување
Локација:	дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град
Проектен опфат:	0,06 ха

Согласно член 62, став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23), пред изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се спроведува постапка за изработка, односно одобрување на Проектна програма. Согласно тоа изработена е Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

Солгасно член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) во рамки на Урбанистичкиот проект се приложува Проектна програма. Проектната програма е документ со кој донесувачот на планот ги дефинира описот на проектниот опфат, проектните барања за градбите во рамки на проектниот опфат и проектните барања за инфраструктура. Истата треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, а со што ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на дефинираниот урбанистичко-проектен опфат.

Проектната програма се изработува со цел да се овозможи изработка на:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

- **Опис на проектниот опфат**

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село опфаќа дел од КП 2501/1, КО Смолари вон град, Општина Ново Село и зафаќа површина од **0,06 ха**.

Предметниот проектен опфат зафаќа дел од катастарска парцела:

дел од КП 2501/1, КО Смолари вон град

Предмет на планирање е градежна парцела со намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување, која треба да се изработи врз база на Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y63423 од Март 2024г, а за кои е добиено Решение за Услови за планирање од Министерство за Животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15 537/2024 од 14.03.2024г.

Границата на ***предметниот опфат*** е со следниве координати:

N	X	Y
1	7659144.947	4583350.019
2	7659124.524	4583346.631
3	7659119.79	4583374.676
4	7659137.627	4583377.635

- **Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат**

За потребите на инвеститорот потребно е да се изработи **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село**, во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, треба да бидат Условите за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот со тех.бр. Y63423 од Март 2024г. А за кои е добиено Решение за Услови за планирање од Министерство за Животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1-15 537/2024 од 14.03.2024г.

Постапката е врз основа на член 58, 59, 60, 61 и 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20 и 111/23) според кој:

- Член 58 став 6 „урбанистички проект може да се изработува и за поединечни градби и инфраструктури од државно и локално значење вон населени места и вон опфат на урбанистички планови на земјоделско, шумско и друго земјиште, крајбрежни појаси и други простори за коишто не постојат услови и/или економска оправданост за донесување на урбанистички план согласно овој закон, а постои соодветен или некатегоризиран сообраќаен пристап, во кој случај урбанистичкиот проект се изработува врз основа на прибавени услови за планирање на просторот.“

- Намената е дефинирана согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а усогласена со член 57 став 2 од Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 18/20 и 279/20), А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување.

Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила.

Сите поединечни елементи на урбанистичко-проектната документација ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и соодветен број на графички прилози.

- **Проектни барања за инфраструктурата**

Со Урбанистичкиот проект потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура за предметниот простор.

Внатрешните инфраструктурни водови ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Од аспект на одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградба на објектите да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постават објектите.

Нарачател / Барател за одобрување на УП

Градоначалник
на Општина Ново Село
Ѓорге Божинов

1.2 Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

Податоците за инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат се дел од текстуалниот дел на документационата основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, а согласно член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

1.3 Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение на градежната парцела

1.3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот изработени од Агенција за планирање на просторот и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за Животна средина.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село, зафаќа површина од 552 m² или 0,06 ha.

Предмет на изработка е формирање на градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени, комплементарните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти до оформената градежна парцела.

Нумерички показатели

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ														
Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од КП 2501/1, ГП 7, КО Смолари вон град, Општина Ново Село														
број на парцела	површина на градежна парцела	површина на земјиште	процент на поединечна намена во градежна парцела	површина под градба	процент на изграденост	вкупно изградена површина	коефициент на искористеност	Поединечна намена на градежна парцела	поединечна намена на површина за градба	компатибилни класи на намена на основната намена		комплементарна намена	максимална висина на градба	број на спратови	потребен број на паркинг места
7	552	80	15%	80	15%	160	0.29	А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување	А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување	-	-	-	7,2 m	П+1	2
		248	45%	-		-			-	-		Површини под зеленило			
		224	41%	-		-			-	-		Сообраќајни површини			

Билансни показатели

Споредбени билансни показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА			
реден број	намена на површини	површина на парцели	процент
		m2	%
7	Неизградено земјиште	552 м2	100.00%
Вкупно		**552 м2**	**100.00%**

реден број	намена на површини во проектен опфат	површина на парцели	процент
		m2	**%**
7	А4.3 – Викенд куќи и други објекти за времено сместување	552	100.00%

1.3.2 Сообраќајна и комунална инфраструктура

Сообраќајна инфраструктура

Предметниот проектен опфат има добра поставеност во однос на сообраќајните правци и текови во Република Северна Македонија.

Пристап до проектниот опфат е преку новопланирана сообраќајна инфраструктура.

Паркирањето и гаражирањето во проектниот опфат доколку е потребно ќе се одвива во парцела согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20, 219/21 и 104/22). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот. Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според Правилникот.

Водовод и канализација

Во предметниот проектен опфат има испланирано водовод, фекална и атмосферска канализација која се планира да се врзе со мрежата на Водовод и канализација.

Хидролошка инфраструктура

За предметната локација се утврдени следните податоци од аспект на води:

-Предметната локација не е во рамки на предвидени акумулации согласно Просторниот план на РМ.

-Непосредно до предметниот опфат поминува реката Ломница, и за истата е изработена хидролошка студија за определување на големи води

За регулирање на коритото на реката "Ломница" е изработена ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГОЛЕМИ ВОДИ НА РЕКА ЛОМНИЦА НА КП 2845, КО СМОЛАРИ – ВОНГРАД, ОПШТИНА НОВО СЕЛО, технички број 079/2024-ХС со датум на електронски потпис 27.06.2024г., доставена во прилог на урбанистичко-проектната документација.

Согласно спроведените анализи во Хидролошката студија, за предложениот попречен пресек со кој треба да се регулира речното корито на река Ломница, во продолжение следат заклучоци и препораки за следни активности.

За димензионирање на коритото при пресметување на големите води е користена Рационалната метода, која најчесто се применува за сливови со помала површина, но во овој случај и поради физичко-географски карактеристики на сливовите и потребниот степен на заштита од поплави.


Табела 8. Усвоени меродавни протеци

Ознака	Меродавен протек			
	$Q_{10\ год.}$	$Q_{50\ год.}$	$Q_{100\ год.}$	$Q_{1000\ год.}$
	[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]
F_1	14.306	19.767	22.126	29.936

Течењето е третирано како стационарно непроменливо течење, а коритото е предвидено да биде со трапезен попречен пресек со следните карактеристики:

Попречен пресек на река Ломница

Метод на пресметка	Manning Formula	
Коефициент на рапавина	0.03	
Надолжен наклон	0.010	m/m
Нормална длабочина	1.1	m
Наклон на лева косина	1	m/m (H:V)
Наклон на десна косина	1	m/m (H:V)
Ширина на дно	5	m
Протек	19.77	m³/s



Табела 9. Хидраулички параметри

Сливна површина - Река/канал	Метод	Коефициент на рапавина	Наклон	Нормална	Наклон на лева косина	Наклон на десна косина	Ширина на дно	Височина на	Горна широчина	Протек	Натопена површина	Натопен периметар	Хидрауличен радиус	Ширина на водно огледало	Критична длабочина	Критичен наклон	Брзина	Фрудов број	Вид на течење
			m/m	m	m/m (H:V)	m/m (H:V)	m	m	m	m³/s	m²	m	m	m	m	m/m	m/s		
F1	Manning Formula	0.03	0.01	1.1	1	1	5	1.5	8	19.77	6.73	8.12	0.83	7.20	1.72	0.0036	7.74	2.70	субкритично

Напомена: Усвоен е наклон помал од критичниот иако природниот наклон на дното е доста поголем. Истото е направено со цел постигнување на субкритично течење. Нивелетата ќе се постигне со поставување на каскади чија големина и локација ќе биде попрецизно детерминирана при изработка на подетална документација, како Основни проекти.

- Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки, да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно - техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и постројките кои во процесот на производство, преработка, полнење и складирање користат или применуваат

опасни материи и супстанции, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции се градат, поставуваат, работата и одржуваат во согласност со најдобри достапни техники прилагодени на научно – техничкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите.

- Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.

- Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности е слободен.

- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од населени и индустриски места. Квалитетот на испуштената вода во водотекот треба да биде во согласност со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води и Уредбата за класификација на водите (Сл.весник на Р.М.бр.18/99).

- Согласно Законот за води Министерството за животна средина и просторнопланирање издава Водостопанска согласност, заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите. Исто така издава дозвола за користење на водите и дозвола за испуштање на отпадни води под услови и на начин утврдени со Законот за води.

Електро - енергетика и ПТТ инсталации

Урбанистичкиот проект за среднонапонски и нисконапонски електроенергетски развод, улично осветлување како и слаботруен развод (оптика, телефонија и кабелска ТВ) е изработен врз основа на добиената ситуација од урбанистичкото решение и важечките технички прописи и нормативи за ваков вид на проекти.

Со техничката документација ќе биде опфатен избор на:

- Трансформаторски станици СН/НН,
- 0,4kV кабелски развод,

За да може да се димензионира напојувањето, односно да се изврши правилен избор на кабел и трансформаторски станици ТС СН/НН кои ќе ги напојуваат потрошувачите од урбанистичкиот зафат, потребно е да се утврди врвниот товар на сите потрошувачи заедно.

Моќноста, односно струјата со која одреден потрошувач го оптоварува електроенергетскиот систем се менува во текот на времено зависно од потребите на

потрошувачот. Имено, трансформаторската станица ТС СН/НН, како и кабелот треба така да бидат димензионирани да можат да обезбедат напојување во услови кога се јавуваат врвни товари на сите потрошувачи заедно.

Телефонска мрежа

Согласно добиените информации од телекомуникациските правни лица, на посочената предметна локација, нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи, доколку има потреба ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

1.3.3 Партерно решение со хортикултура

За градежните парцели изработен е и предлог на партерно уредување на парцелата.

Партерното решение во најголема можна мерка се надоврзува на постојната состојба, при тоа инкорпорирајќи го новопроектираното сообраќајно решение.

Континуитетот на предвиденото зеленилото се прекинува само кај влезот во парцелата.

Зеленилото во рамките на градежните парцели ќе има значајна функција во заштита на животната средина, но ќе има и забележителни пејзажни ефекти. Согласно решението за парцелата, површината на зелелнилото изнесува над 20%.

1.4 Детални услови за проектирање и градење

1.4.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

1.4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1.4.3 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните површини за градење.

1.4.4 Проектниот опфат опфаќа дел од КП 2501/1, КО Смолари вон град, Општина Ново Село.

1.4.5 Со Урбанистичкиот проект се одредени:

- Урбанистичко решение за проектниот опфат,
- Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
